# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД


СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
**УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

• Број 40 2015 •




Национална установа Универзитетска библиотека
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА



***Работно време:***
***од понеделник до петок***
***од 7 до 20 часот***
***сабота***
***од 8 до 15 часот***

***Упис: 200 денари***

# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

## СПИСАНИЕ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, БИТОЛА

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор

**Издавачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски,
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

**Лектура**
Александар Димитров

**Печати**
Европа 92 - Кочани

**Тираж**
300 примероци

**ISBN 1409 - 9497**

Тел/факс.: 047/ 220-208;
Тел.: 047/ 220-515;
Тел. на изд.: 047/ 232-999
www.nuub.mk
e-mail:@nuub.mk

**Списанието е финансирано од Министерството за култура на Република Македонија**


## СОДРЖИНА


БИБЛИОТЕКАТА НА ВРОЦЛАВСКА ПОЛИТЕХНИКА (ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА)
Приредила: Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник....2

МИНИСТЕРКАТА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА....5

ЈУБИЛЕЈ 70 ГОДИНИ НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИСКИ“ - БИТОЛА....6

42. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БЗМ 11-12 јуни 2015, Македонска Каменица
Гордана Пешевска, виш библиотекар / Благој Николов, библиотекар советник....7

ВЛИЈАНИЕТО НА ЧИТАТЕЛОТ ВРЗ БИБЛИОТЕКАТА
Приредила: д-р Светлана Талеска, виш библиотекар....9

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ И ПРЕДАВАЊА
Приредил: Илче Стојановски, виш библиотекар....11

БИЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ: ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ / ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА....17

ВАТИКАНСКА БИБЛИОТЕКА
Приредила: Лидија Мирчевска, виш библиотекар....18

МАЈКА ТЕРЕЗА - ВЕЧНИОТ АНГЕЛ НА МИЛОСРДИЕТО....19

15. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“
Приредила: Јоланда Бошевска, библиотекар советник....20

БИТФЕСТ 2015
Приредила: Ленче Андоновска, библиотекар советник....21

ОТВОРЕНА НОВА ЧИТАЛНИЦА НА ЕВН ВО БИТОЛА....21

ЗА ЗБОРОТ НАШ И СОНЦЕТО....22

ДИГИТАЛНАТА БИБЛИОТЕКА ВО НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ
Приредил: Наум Ефтимов, библиотекар....23

РАЗГОВОР СО ХРИСТО ПЕТРЕСКИ....26

ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „РАКОПИСОТ ОД АКРА“ ОД ПАУЛО КОЕЉО
Приредил: д-р Николче Вељановски, библиотекар советник....28

# ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

# БИБЛИОТЕКАТА НА ВРОЦЛАВСКА ПОЛИТЕХНИКА (ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА)



Приредила: Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник

Историјата на Вроцлавската Политехника почнува во 1910 година кога е основана Кралската Висока Техничка Школа во Вроцлав (*Königliche Technische Hochschule Breslau*). По Втората светска војна во објектите на Technische Hochschule со искористување на нејзината опрема и библиотеки во 1945 г. е формирана Вроцлавската Политехника. Значајна заслуга во уредувањето на објектите и организацијата на факултетот имаа научните работници од варшавските и **љвовските** факултети. Од самиот почеток на својата дејност Факултетот е важен центар за техничко образование. Денес е една од најголемите и најдобрите политехники во државата – на 15 факултети-смерови во Вроцлав, Јелениа Гора, Валбжих и Легница високо образование стекнуваат над 35 илјади студенти, на кои им предаваат над 2 илјади академски професори.

Вроцлаваска Политехника е автономен технички факултет и универзитетска научна институција. Факултетот својата мисија ја реализира преку инвестиции во иновации, највисоки стандарди во научните истражувања, висок квалитет на образование и пренесување на знаењето. Вроцлавската Политехника како научна заедница ги негува вредностите и универзитетската традиција и е отворена за сите, развива сестрана соработка со други факултети и се стреми кон сè попрестижно место меѓу европските и светските универзитети.

Политехниката им овозможува на студентите образование според стандардни програми, но дозволува и избор на индивидуален тек на студиите. Непосредните контакти го поврзуваат Факултетот со многу наставно-истражувачки институции скоро во цел свет, почнувајќи од Европа до Америка. Благодарение на потпишаните партнерски договори студентите и научните работници на Вроцлавска Политехника имаат можност да се едуцираат надвор од границите на државата и да учествуваат во заеднички истражувачки проекти. Факултетот учествува во реализацијата на следните научни програми: LLP-Erasmus, Erasmus-Mundus, Leonardo da Vinci.

Во кругот на Политехниката дејствуваат многу студентски здруженија и организации во кои студентите имаат можност да ги развиваат своите научни и творечки способности.

Благодарение на високото светско ниво на научните истражувања од страна на научните работници и одлично опремените научни лаборатории се развива соработка со многу домашни и странски фирми.



Вроцлавската Политехника се смета за еден од најдобрите факултети во Полска. Според Вебометрискиот Ранкинг на Светските Универзитети од јануари 2015, година кој го покажува ангажирањето на академските институции во постоењето во ВЕБ мрежата, Факултетот зазема 3-то во Полска и 650-то место во светот меѓу сите типови на факултети.

**Библиотеката на Вроцлавската Политехника** својата дејност ја започна во 1945 година со искористување на преостанатите збирки од германската Висока техничка школа и со создавање на полска збирка на Политехниката. Својот сегашен профил Библиотеката го оформи на почетокот на 70-тите години благодарение на делувањата во сфери како што се: информативните услуги, водењето на научни истражувања и наставата од областа на информативните системи, проектирањето и примената на компјутерски системи. Проработи тогаш и компјутерскиот систем за селективна дистрибуција на информации и системот за документирање на научните трудови на вработените во Вроцлавската Политехника. Започна и автоматизирана каталогизација на книгите. Во 90-тите години е воведен Комјутерскиот интегриран библиотекарски систем АПИН. Од 2002 година во Библиотеката дејствува системот АЛЕФ. Основа на функционирањето на Библиотеката на Вроцлавска Политехника претставува едиствениот библиотечно-информативен систем. Централна единица на тој систем е Главната библиотека и Центарот за научно-технички информации со кои соработуваат библиотеките во факултетите, институтите и библиотеките во образовните центри надвор од Вроцлав.

Библиотеката на Вроцлавска Политехника ги содржи сите видови на збирки кои се неопходни за водење на научни истражувања и реализација на наставниот процес на Факултетот, книги и списанија (печатени и во електронска верзија), информативни изданија, компјутерски бази на податоци, како и специјални збирки. Тематскиот опсег на збирките ги опфаќа пред сè техничката литература од областа на дисциплините застапени на Факултетот, изданијата од математичките, физичките, хемиските, како и економско-општествените науки. Библиотеката исто така поседува публикации од областа на педагогијата, психологијата, филозофијата, изданија за изучување на странски јазици, како и дела од хуманистичките науки.

Книжниот фонд на Библиотеката брои над 900 000 единици книги и изданија, како и над 200 000 единици од специјалните збирки. Во збирките постојат над 4000 наслови на списанија (полски и странски). Основниот книжен фонд кој се наоѓа во библиотечно-информативниот систем на Факултетот се собира и обработува централно во Главната библиотека. Информацијата за збирките е достапна преку интернет. Во каталозите има информации за сите библиотеки кои функционираат на Факултетот. За пребарување на информациите за содржината на библиотеката се користи пред сè компјутерски каталог кој му нуди на читателите 5 бази на податоци: Книги и списанија, Белетристика, Странски списанија во библиотеките во Вроцлав и **Ополе**, Каталог со каталожни картончиња (on-line), Научни достигнувања на вработените.

Библиотеката на Вроцлавска Политехника има улога на јавна научна библиотека чии збирки се достапни на сите корисници во читалните, со позајмување на збирките надвор од библиотеката и позајмување од надворешни домашни и странски библиотеки. Дигитализацијата на библиотечните збирки на Вроцлавска Политехника трае повеќе години. **Дигиталната библиотека на Вроцлавска Политехника** своите дигитализирани збирки ги презентира во конзорциумот **Долношлонска дигитална библиотека** (ДБЦ) во чиј состав влегуваат и други институции од Вроцлав и регионот Долни Шлонск ( Економскиот Универзитет, Природонаучниот Универзитет, Медицинската Академија, Библиотеката Оссолински, Музичката Академија и др.). Долношлонска дигитална библиотека (ДБЦ) овозможува пристап до своите дигитализирани збирки користејќи интернет. Можно е пребарување, преглед и читање во полн текст по електронски пат на www.dbc.wroc.pl/dlibra. Повеќето полски дигитални библиотеки вклучително и ДБЦ работат на заедничка системска платформа која овозможува истовремено пребарување на содржините на тие библиотеки. Освен тоа дигиталните документи се достапни и со користење на популарните интернет пребарувачи и преку каталогот на Библиотеката на ВП. Главната библиотека за корисниците на ВП преку својата интернет страница нуди пристап до електронската верзија на научните книги и прирачниците од различни области. Во функција се сервисите за електронски книги SAFARI, KNOVEL, Korpo.ibuk.pl, MyLibrary. Дигиталната

библиотека исто така овозможува достапност до електронските списанија и преку модулот „e-czasopisma", кој опфаќа збирки странски (над 17 000 списанија) и домашни (над 700 списанија).



Во Главната библиотека функционира компјутерски информативен систем за научни трудови создадени на Вроцлавска Политехника – DONA http://apin.bg.pwr.wroc.pl/Aleph/formDONA.htm. Системот на информации за научните достигнувања на вработените на Вроцлавска Политехника се создава од 1969 г. Формиран е со цел за помагање во менаџирањето на научните истражувања. Во моментов базата содржи над 200 илјади записи и годишно се зголемува за 5,5 илјади описи. Во базата се документирани сите публикации, како и непубликувани трудови врз основа на оригиналите претставени од страна на авторите. Базата овозможува пристап до избрани полни текстови на написи, книги, докторати, патенти - директно на нивото на библиографскиот опис (*LinkSource* на фирмата EBSCO).

На почетокот на 2014 г. Библиотеката на Вроцлавска Политехника ја смени својата организациона структура и назив и се трансформира во: **Центар за наука и научно техничка информација**. Сега таа е општа високообразовна организациона единица со научна, истражувачка, образовна и услужна дејност. Во состав на Центарот влегуваат:

- Класична библиотека (со печатени збирки)
- Електронска библиотека ( со дигитализирани збирки)
- Центар за соработка на науката со стопанството
- Контактен центар за трансфер на технологии
- Комплекс на научно-истражувачки лаборатории
- Локални оддели во разни организациони единици на факултетот (поранешни библиотеки на факултетите и институтите)

Досегашните збирки на Главната библиотека сега се во склоп на Центарот, а нејзините читатели се корисници на Центарот. Условите за користење на збирките не се изменија.

Центарот за наука и научно техничка информација (порано Главна библиотека) е организатор или соорганизатор на локални и државни конференции, семинари и средби од различен вид, наменети за библиотекарските средини во најширока смисла. Во организирањето на таквите зафати не ја промовираат само сопствената дејност, туку пред сé се трудат да поттикнат теми кои се важни за современите библиотеки. На четири конференции организирани во 2001, 2009, 2011 и 2013 г. („Вроцлавски средби на библиотекари„) учествуваше претставничка на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски" - Битола (авторката на овој текст), презентирајќи реферати за библиотекарството во Македонија.

Во ноември 2014 г. во кампусот на Вроцлавската Политехника беше отворена нова дигитална библиотека **БИБЛИОТЕХ**, односно Библиотека на природните и техничките науки. Во една современа зграда со над 11,5 илјади метри корисна површина се лоцирани 570 компјутерски места, лаборатории, соби за мултимедијални проекции и огромна сервер-соба. Освен дигиталната библиотека во состав на комплексот меѓу другото влегува и Регионалниот центар за информации за патенти, Регионален пункт за информации за норми, Информативно биро за нови технологии, а исто така лаборатории за компјутеризација и обработка на податоци на Вроцлавскиот Центар за мрежи и суперкомпјутери, како и комплекс на научно-истражувачки лаборатории.





Библиотех исто така е седиште на Центарот за наука и научно технички информации, чија задача меѓу другото е и да ги поврзува научниците со стопанствениците и да им помага на едните и на другите во градењето на соработка. Новата библиотека ја користат студентите на Политехника, но и научниците, истражувачите, стопанствениците и претставниците на бизнисот. Во зградата на Библиотехот има сали за семинари со мултимедијални екрани, камерални сали за индивидуална и групна работа, простории за изложби. На отворен простор на повисоките нивоа за потребите на корисниците има четиристотини терминали каде читателите можат да ги користат дигитализираните збирки на факултетот (книги, прирачници и електронски списанија, бази на податоци и резултати од истражувања). Библиотеката на Вроцлавската Политехника има огромно значење за факултетот и регионот и слободно може да се каже дека е тоа вистинска библиотека на 21 век.

## МИНИСТЕРКАТА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА

Министерката за култура на Република Македонија, Елизабета Канческа – Милевска, во присуство на бројни посетители, новинари и вработени во Установата, на 23.02.2015 год., во 11 часот, свечено ги пушти во употреба новоизградените простории во НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, чија изградба беше финансирана од страна на Владата на Република Македонија. Новиот простор кој опфаќа околу 500 $м^2$ е современ и функционален и ќе биде наменет за корисниците на услугите на библиотеката и воопшто граѓаните на Битола и пошироко.

- Со оваа инвестиција издвоена од буџетот на Министерството за култура заврши целосната надградба на библиотеката, почнувајќи од зафатите за реконструкција на фасадата на стариот дел од библиотеката, па сè до обезбедувањето на нов корисен простор за читате-





лите – истакна министерката за култура на одржаната прес-конференција.

За време на посетата во Битола, во просториите на библиотеката, министерката оствари средба и со директорите на националните установи од областа на културата и со градоначалникот Владимир Талески.

После свеченото давање во употреба на новоизградениот простор во библиотеката, беше одржана и прес-конференција за медиумите, на која министерката Елизабета Канческа – Милевска ги наведе најзначајните идни чекори во остварувањето на позначајните проекти од областа на културата кои се планираат да се реализираат во Битола. Потоа се обрати градоначалникот Владимир Талески, кој ги истакна сите активности кои ги поддржува и треба да се преземат во областа на културата во општина Битола. Директорот на библиотеката Науме Ѓоргиевски се заблагодари на Министерството за култура за целосната поддршка во сите активности на установата, какао и за сè што досега е направено во поглед на реконструкциите и доградбата на библиотеката.





## ЈУБИЛЕЈ 70 ГОДИНИ НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИСКИ“ - БИТОЛА





НУУБ „Св. Климент Охридски” - Битола во изминатите 70 години бележи постојан развој преку осовременување на библиотечните процеси, современ библиотечен простор од околу 3000 м$^2$ со околу 600.000 книги и 7000 читатели. Освен библиотечната дејност, значајна е и издавачката дејност, а битолската библиотека има издадено повеќе книги од сите библиотеки заедно во земјава, вклучувајќи ја и националната библиотека од Скопје, рече директорот Науме Ѓорѓиевски.

Пригодна реч имаше и битолскиот градоначалник Владимир Талески.






Проф. д-р Вера Стојчевска – Антиќ се обрати со текстот НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола - мојот втор дом. Јубилејниот број 39 на списанието „Библиотечен тренд“ го претстави г-дин Илче Стојановски.

Беа доделени плакети за повеќегодишна успешна соработка на: министерката д-р Елизабета Канческа Милевска, ректорот на Унивезитетот во Битола проф. д-р Златко Жоглев и градоначалникот д-р Владимир Талески.

(ЗА ВРАБОТЕНИТЕ, РАБОТНИТЕ МЕСТА И АКТИВНОСТИТЕ ПОВЕЌЕ ВО ПРЕТХОДНИОТ ЈУБИЛЕЕН Библиотечен тренд бр. 39.)

# 42. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БЗМ
## 11-12 јуни 2015, Македонска Каменица

Гордана Пешевска, виш библиотекар
Благој Николов, библиотекар советник

На 11 – 12 јуни 2015 год. се одржа 42. годишно собрание на БЗМ. Делегатите на Собранието ги поздрави градоначалникот на општина Македонска Каменица, г-дин Дарко Митевски и им посака пријатен престој и успешна работа. Потоа се обрати претседателот на БЗМ, Благој Николов, кој исто така ги поздрави присутните делегати и авторите на стручните трудови и ја презентира агендата за двата работни дена. Следуваше еден прекрасен гест од гостинките од НБ „Стеван Сремац“ од Ниш, Р. Србија, кои во знак на благодарност и почеток на една меѓународна соработка во областа на библиотекарството, на претседателот на БЗМ му доделија Монографија.




На првиот работен ден беа пријавени 12, а презентирани 10 стручни трудови на тема *Библиотеките како места за истражувачки и креативни активности* кои ги водеше модераторот м-р Миодраг Дадасовиќ. Учесници имаше од повеќе библиотеки во државата.

За првпат по долги години на постоење на БЗМ присуствуваа и настапија со свој научен труд гости од Република Србија од Народната библиотека „Стеван Сремац“ од Ниш, со што ова наше здружение ги отвори вратите за учество на сите заинтересирани библиотекари надвор од нашата држава, а со тоа во иднина *овој дел од годишните собранија да го направиме со меѓународна назнака,* истакна претседателот на БЗМ.

Презентираните стручни трудови ги опфатија скоро сите видови на библиотеки - јавни, високошколски и училишни и може слободно да се каже дека секој труд е насока како треба библиотеките по својата организациска поставеност да бидат дел од истражувачките и креа-

тивни процеси. Овие трудови ќе бидат објавени во најновиот број на списанието „Библиотекарство“. Во продолжение имаше дискусија за квалитетот на изложените трудови, а потоа следуваше дружење на свечен ручек.





На вториот работен ден од Собранието, претседателот на БЗМ, Благој Николов, најпрво ги извести членовите со текот на првиот работен ден и го претстави Дневниот ред на кој како прва точка се најде Извештајот за работата на ИО на БЗМ за период јуни 2014-јуни 2015, во кој се истакна дека и покрај тенката финансиска состојба беа реализирани сите предвидени активности.



По однос на втората точка - Колективниот договор, претседателот на БЗМ презентираше неколку „болни“ точки кои треба да се предложат до Министерството за култура на РМ и СОНК за подобрување на Колективниот договор:

1. Забелешки за член 44:
   - Коефициентите во библиотекарството се многу ниски во споредба со коефициентите во уметничките дејности.
   - Бараме изедначување на коефициентите со уметничките дејности во културата. *Предлог: библиотекар советник да биде изедначен со актер – I група.*
   - Разликата меѓу библиотекар помошник и самостоен библиотекарски помошник, библиотекар – виш библиотекар – библиотекар советник е незначителна.
   - Треба да се поведе сметка носителите на дејност да не бидат со понизок коефициент од вработените во јавната администрација.

Бараме секоја установа, заради нормално и непречено функционирање, да има назначен програмски или уметнички раководител независно од бројот на даватели на услуги заради непречено одвивање на програмските активности на установата:

2. Забелешки за член 90:
   - Да се стави граница односно наведеното во член 44 да се реализира најдоцна до 01.01. 2016 година.
3. Забелешки за член 59:
   - Во членот 59 за организирање штрајк во согласност со закон наведено е дека работодавачот е должен да исплати придонеси од плата за време на штрајкот, меѓутоа не е наведено кој ќе ја сноси одговорноста за исплата на плата за време на штрајкот.
4. Забелешки за член 16:
   - Да се избрише ставот 3 и да се додадат нови два става, и тоа:
     - Став 3: Програмата за професионално оспособување и начинот на спроведување на постапката ја донесува матичната установа за секоја дејност.
     - Став 4: Програмата и начинот за спроведување на приправничкиот испит ја донесува управниот одбор на јавната установа од областа на културата, на предлог на директорот.
5. Забелешки за член 17:
   - Во став 1 зборовите – 3 (три) да се заменат со 6 (шест).
   - Во став 2 зборовите – 6 (шест) да се заменат со 12 (дванаесет).

*Напомена:*

*Колективен договор да не се потпишува без усогласување на коефициентите во културата кај сите даватели на услуги.*

По однос на третата точка едногласно е донесен ЗАКЛУЧОК на Локалната самоуправа од Македонска Каменица да се даде поддршка за основање на локална библиотека. Во процедурата за основање, како и стручна помош и безрезервна поддршка, ќе даде НУБ - Скопје.

Се усвои предлогот за ново дополнето издание на Прирачникот „Млади библиотекари“, а библиотеката „Искра“ од Кочани е избрана за домаќин на 16. републички натпревар *Млади библиотекари 2015.*

Собранието заврши со општа констатација на сите учесници дека имаше прекрасна атмосфера, прекрасно дружење меѓу учесниците и порака до сите кои не дојдоа да дојдат догодина во Гевгелија.

## ВЛИЈАНИЕТО НА ЧИТАТЕЛОТ ВРЗ БИБЛИОТЕКАТА



**Приредила: д-р Светлана Талеска, виш библиотекар**

Времето во кое живееме, во кое исчезнуваат едни, а се раѓаат други вредности, носи со себе и свои длабоки влијанија врз книгата и пишаниот збор. Нашата цивилизација сè повеќе станува роб на електронските медиуми, кои нè менуваат и тогаш кога не сакаме, кога мислиме дека не им дозволуваме, нè менуваат неосетно и континуирано. Дали информатичката империја ќе ја уништи Гутенберговата, дали книгата во нејзината класична форма ќе ја изгуби битката со далеку помоќниот непријател - техничкиот напредок. И покрај ваквите песимистички предвидувања, книгата во нејзината печатена форма опстојува како трајна вредност и како сè уште неодминлив и ненадминат фактор во процесот на воспитание, образование и културна надградба на секоја современа индивидуа. Т.н. „криза на книгата“ всушност е привидна, таа е само една манифестација на новата положба на книгата во светот на информатиката која служи како средство да понатамошно пласирање и ширење на книгата и пишанот збор.

Книгата е неопходна потреба во животот на човекот како фактор во проширувањето на сознанијата и можностите за завладување со сè посложената реалност. Токму затоа, согледувајќи ја важноста на книгата како незаменлив фактор во воспитно-образовниот процес и во процесот на создавање на културни навики и вредности на индивидуата, неодминливо е согледувањето и проучувањето на терминот читател, како битен елемент во библиотечнот процес.

На читателите мора да им се посвети заслуженото внимание, мора да се анализираат и проучуваат, за да се оствари квалитетно задоволување на нивните барања, адекватно и целосно нивно реализирање и остварување, како и за изнаоѓање на нови начини и пристапи во реализирањето на секојдневната практична работа со читателите.

Во библиотечната теорија, која иако има долгогодишна традиција, сè уште не е до крај дефиниран поимот читател.

Под поимот читател во библиотечна смисла се подразбира секоја личност која, според правилата на библиотеката, ги користи библиотечните фондови на одредена библио-

тека. Меѓу читателот и библиотеката постојат цврсти меѓусебно воспоставени права и обврски кои се регулирани со правилник за користење креиран од библиотеката.

Но, ваквата дефинираност на поимот читател во суштина е многу формалистичка, па според тоа не може да се изведе заклучок кој е всушност вистински читател, односно што е читател во вистинското значење на зборот. Во библиотечната теорија се смета дека читател во вистинска смисла на зборот не е секој оној кој ќе дојде во библиотеката да зајми библиотечен материјал, туку поимот читател се доведува во врска со квалитетот на читањето, што од своја страна пак е во врска и во зависност од самата личност на читателот, неговото образование, општата култура, навиките, животното искуство итн.

Одредени библиотечни истражувачи сметаат дека вистински читател е оној кај кого перцепцијата од прочитаното дело најпотполно се остварува. Постои мислење дека квалитетен читател мора да исполнува три услови: годишно да прочита најмалку десет книги; најмалку еднаш месечно да набавува билтени за нови книги; да не потпаѓа под влијание на популарноста на насловот, посебно во случај со бестселерите[1].

Се смета дека читателите се покомуникативни во секојдневниот живот од оние кои не читаат. Оние кои многу читаат, не го прават тоа за да побегнат од светот и надворешноста, туку за да се вклопат и живеат подобро во тој свет.

Една крајно поедноставена типологија, читателите ги сведува на два типа: активен читател и пасивен читател.

Основната карактеристика на активниот читател се согледува во тоа што книгата за него не е рамка и единствен извор на мислење и случувања, туку го поттикнува на сопствена активност. Тој не го прифаќа прочитаното само такво какво што е прикажано, туку се инспирира, надградува, па дури и влегува во конфликт со авторот. Активниот читател претставува повисок степен на читател.

[1] Владимир Јокановиќ, *Савремени библиотекар и читалац*. Београд 1983, 52.

Она што еден читател го класифицира како активен или пасивен е неговиот однос кон читањето и прочитаното. Според Hans Robert Jauss во ваквата класификација многу важен фактор и еден од основните елементи кои читателот го прават активен е хоризонтот на очекување. Новиот текст буди во читателот сеќавање на поединости од веќе познати хоризонти на очекувања, кои во новата интерактивна комуникација читател - текст се менуваат, коригираат или само репродуцираат.

Активниот читател „комуницира" со авторот и преку него се постигнуваат посакуваните ефекти - согласување или спротивставување. Volfgang Iser, исто така го отфрла мислењето за читателот како пасивен субјект и само набљудувач во процесот на читањето и истакнува дека читателот е единствено одговорен за создавање на естетската визуелизација од прочитаниот текст. Читателите се активни учесници во случувањата во литературното дело, комуницираат со него, влегуваат во конфликт или се активни поддржувачи.

Кај пасивниот читател сè е едноставно. Тој ја прелистува книгата од првата до последната страница, нему му е важна фабулата, случувањата, јазикот, стилот; тој ги доживува и восприема случувањата такви какви што се прикажани.

Важен фактор за зголемување на интересите на читателите кон книгата и читањето секако е и ширењето и развојот на мрежата на библиотеки, бидејќи густата мрежа на библиотеки им овозможува на читателите физички пристап до нив. Со читањето се стекнуваат знаења за светот во кој живееме, тоа овозможува пристап до естетските вредности, нуди задоволство и забава, дава можности за самопотврдување и формирање на сопствената личност и основа да се доживее духовна сродност и солидарност. Според Шопенхауер, читањето не поттикнува во читателот некакви нови квалитети, но во него се будат, обогатуваат и развиваат оние кои веќе читателот ги поседува.[2]

[2] В. Јокановиќ, *Савремени библиотекар и читалац*. Слобода, Београд, 1983

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ И ПРЕДАВАЊА

**Приредил Илче Стојановски, виш библиотекар**

20.10.2014 г.

## Посета од ОУ „Гоце Делчев“ - Битола



На 20.10.2014 година, библиотеката ја посетија ученици од ОУ „Гоце Делчев“ - Битола, заедно со нивните наставнички.

22.10.2014 г.

## Посета од ОУ „Ѓорги Сугарев“ - Битола



На ден 22.10.2014 година, библиотеката ја посетија ученици од ОУ „Ѓорги Сугарев“ - Битола, заедно со своите наставници.

И при двете посети учениците ја разгледаа музејската библиотечна поставка, детската библиотека, роднокрајното одделение, читалната и др. Притоа од страна на Илче Стојановски, вработен во библиотеката, им беа дадени основните податоци за формирањето, развојот и функционирањето на установата.

22.10.2014 г.

## Изложба на книги



По повод 23 октомври - Ден на македонската револуционерна борба, во холот на библиотеката беше поставена изложба на монографски публикации од фондовите на библиотеката.

04.11.2014 г.

## Изложба на книги



По повод 4 ноември – Ден на ослободувањето на Битола, во холот на библиотеката беше поставена изложба на книги од фондовите на библиотеката.

31.10.2014 г.

## 15. републички натпревар „Млади библиотекари“




На 31.10.2014 година во Велес се одржа 15. Републички натпревар „Млади библиотекари“, организиран од Библиотекарското здружение на Македонија и локалната библиотека „Гоце Делчев“ од Велес. На натпреварот зедоа учество 22 напреварувачи од цела Македонија.

Победник на 15. Републички натпревар „Млади библиотекари“ беше прогласена Емилија Илиевска од ОУ „Кирил и Методиј“ од Битола, на второ место беше Пале Ѓорѓиева од ОУ „Кирил и Методиј“ од Велес. На трето место беше ученикот Мартин Николов од ООУ „Даме Груев“ од Свети Николе. На наградените им беа врачени дипломи и награди за освоените места.

На сите учесници на натпреварот им беа доделени благодарници и по една книга, а исто така со благодарници се стекнаа и нивните ментори.

10.11.2014 г.

## Посета од ОУ „Ѓорги Сугарев“ - Битола



На 10.11.2014 година, библиотеката ја посетија ученици од ОУ „Ѓорги Сугарев“ - Битола, заедно со своите наставници. Притоа тие ја разгледаа музејската библиотечна поставка, детската библиотека, роднокрајното одделение, читалната и др. Од страна на Илче Стојановски, вработен во установата, на посетителите им беа презентирани податоци за основањето на библиотеката, развојот и нејзината функција.

20.11.2014 г.

## Посета од детска градинка



На 20.11.2014 година во 11 часот дечиња од претшколска возраст од едукативниот центар „Студиорум“ ДКЦ „Студио кидс“, ја посетија библиотеката. Најмногу се задржаа во детскиот оддел на библиотеката, каде љубопитно разгледуваа.

Во салата за промоции потоа водевме разговор за и околу книгите. Задоволни децата ја напуштија библиотеката и ветија дека ќе станат нејзини членови.

05.12.2014 г.

## Патронат на библиотеката, 2014 г.

Во петокот во 11 часот, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола свечено беше одбележан патронатот на библиотеката. Во програмскиот дел најпрвин со поздравна реч на присутните им се обрати директорот на библиотеката, Науме Ѓоргиевски, кој се осврна на животот и делото на свети Климент Охридски, како и активностите на библиотеката во текот на изминатиот период. Потоа следуваше промоција на из-

данијата: Зборник на излагања од IX роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија и списанието на библиотеката „Библиотечен тренд“, за кои зборуваше д-р Николче Вељановски; Каталог на дробен печат на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, кој го промовираше наставничката Николина Поповска.

По овој повод, исто така во холот на библиотеката беше поставена изложба на книги – посветена на свети Климент Охридски.

17.12.2014 г.

## Отворена изложба за Мајка Тереза



Во присуство на бројни посетители, на ден 17.12.2014 г. (среда) со почеток во 12 часот, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола беше отворена изложба на тема **„Мајка Тереза – вечниот ангел на милосрдието“.** При отворањето со пригоден текст се обрати директорот на библиотеката г-дин Науме Ѓоргиевски и директорката на НУ Спомен-куќа на Мајка Тереза, г-ѓа Рената Кутера – Здравковска, како и комесарот на изложбата Цветанка Вучковска - кустос во НУ Спомен-куќа на Мајка Тереза, а свечено беше отворена од страна на примариус д-р Димитар Котевски. Во склоп на програмата беше изведена музичка нумера компонирана на текстот од поемата „Проштевање“, напишан од Мајка Тереза, а во изведба на кант авторот Драган Мијалковски.

На изложбата се претставени ретки фотографии од младоста и детството на Гонџа Агнес Бојаџиу, период кој го поминува во Скопје заедно со нејзиното семејство. Фотографии од нејзините посети во Скопје, нејзиниот погреб и беатификација.

Изложбата беше поставена до крајот на декември.

05.02.2015 г.

## Посета од ОУ „Гоце Делчев“ - Битола



На 05.02.2015 година, ученици од ОУ „Гоце Делчев“ - Битола ја посетија библиотеката. Притоа ја разгледаа детската библиотека, библиотечната музејска поставка, начинот на работниот процес во библиотеката, а особено се интересираа за електронските начини на пребарување на библиотечниот материјал од фондот на библиотеката.

24.02.2015 г.

## Министерката во посета на библиотеката



Министерката за култура на Република Македонија, Елизабета Канческа – Милевска, во присуство на бројни посетители, новинари и вработени во установата, на 23.02.2015 год., во

11 часот, свечено ги пушти во употреба новоизградените простории во НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола, чија изградба беше финансирана од страна на Владата на Република Македонија.

Новиот простор, кој опфаќа околу 500 $m^2$, е современ и функционален и ќе биде наменет за корисниците на услугите на Библиотеката и воопшто граѓаните на Битола и пошироко.

- Со оваа инвестиција издвоена од буџетот на Министерството за култура, заврши целосната надградба на Библиотеката, почнувајќи од зафатите за реконструкција на фасадата на стариот дел од Библиотеката, па сè до обезбедувањето на нов корисен простор за читателите – истакна министерката за култура на одржаната прес-конференција.



За време на посетата во Битола, во просториите на Библиотеката, министерката оствари средба и со директорите на националните установи од областа на културата и со градоначалникот Владимир Талески.

После свеченото давање во употреба на новоизградениот простор во Библиотеката, беше одржана и прес-конференција за медиумите, на која министерката Елизабета Канческа – Милевска ги наведе најзначајните идни чекори во остварувањето на позначајните проекти од областа на културата кои се планираат да се реализираат во Битола. Потоа се обрати градоначалникот Владимир Талески, кој ги истакна сите активности кои ги поддржува и треба да се преземат во областа на културата во општина Битола. Директорот на Библиотеката Науме Ѓоргиевски се заблагодари на Министерството за култура за целосната поддршка во сите активности на установата и сè што досега е направено во поглед на реконструкциите и доградбата на Библиотеката.

05.03.2015 г.

## Посета од градиниките „Кокиче" и „Качунка"



На 05.03.2015 година, а по повод 8 Март - Денот на жената, деца од детските градинки „Кокиче" и „Качунка", ја посетија Библиотеката. Откако ја разгледаа детската библиотека и музејската библиотечна поставка, во салата за промоции од нивна страна беше одржана свечена програма посветена на празникот на жените вработени во Библиотеката и им подарија цветови изработени од самите деца.

17.03.2015 г.

## Посета од ОУ „Тодор Ангелевски" - Битола



20.03.2015 г.

## Посета од библиотекарската секција при ОУ „Кирил и Методиј“ - Битола



25.03.2015 г.

## Јубилеј 70 години постоење на Библиотеката

НУУБ „Св. Климент Охридски” - Битола во изминатите 70 години бележи постојан развој преку осовременување на библиотечните процеси, современ





библиотечен простор од околу 3000 м$^2$ со околу 600.000 книги и 7000 читатели. Освен библиотечната дејност, значајна е и издавачката дејност, а битолската библиотека има издадено повеќе книги од сите библиотеки заедно во земјава, вклучувајќи ја и Националната библиотека од Скопје, рече директорот Науме Ѓорѓиевски.






Пригодна реч имаше и битолскиот градоначалник Владимир Талески.

Проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ се обрати со текстот НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола - мојот втор дом. Јубилејниот број 39 на списанието „Библиотечен тренд“ го претстави г-дин Илче Стојановски.

Беа доделени плакети за повеќегодишна успешна соработка на: министерката д-р Елизабета Канческа Милевска, ректорот на Унивезитетот во Битола проф. д-р Златко Жоглев и градоначалникот д-р Владимир Талески.

23.04.2015 г.

## Светски ден на книгата и авторското право

По повод Светскиот ден на книгата и авторското право кој во НУ Универзитетска библиотека Св. Климент Охридски беше прочитана пораката на генералниот директор на УНЕСКО, Ирина Бокова, како и македонската порака од академик Луан Старова.

Идејата за одбележување на овој ден потекнува

од Каталонија, каде на 23 април на денот на католичкиот празник Св.Јурја, традиционално се подарува ружа за секоја подарена книга, традиција која трае скоро 100 години.



Живееме во време на планетарно братство, кога човештвото се соочува со новите предизвици и приоритети на колективниот опстанок, време кога нови научни парадигми на развојот брзо ги заменуваат старите. И во овие времиња, и покрај своите метаморфози предизвикани од дигиталната револуција, книгата не престанува да ги здружува луѓето, да ги урива границите во времето и просторот, да истрајува како светилник на надежта, се вели во македонската порака од академик Луан Старова.

По повод денешниот ден беше одржано литературно читање и изложба насловена „Ѕвездите на светската книжевност“, на која беа поставени 150 светски книжевни брендови.

11.05.2015 г.

## „За зборот наш и сонцето“

Во бројните активности по повод 9 мај, датум на кој годинава се одбележуваат 70 години од денот на победата над фашизмот, беше вклучена денешната промоција на збирката на современа револуционерна поезија „За зборот наш и сонцето“. Писателот Радован П. Цветковски се осврна на значајните историски настани и ликови од периодот на двата Илиндена.

Во НУУБ „Св. Климент Охридски беше промовирана збирката на современа револуционерна поезија „За зборот наш и сонцето“ од битолскиот поет Радован П. Цветковски. Поводот за објавување на оваа поетска книга е големиот јубилеј 70-годишнината од Денот на победата на фашизмот, 9-ти мај.

„Книгата всушност содржи револуционерни песни, кои се посветени на Втората светска војна, но и порано во историјата. Меѓу нив се стиховите од плочите кај Црн Мост, за Стив Наумов, Мите Богоевски, Крсте Петков Мисирков и др.“ - рече Цветковски.

Цветковски преку збирката „За зборот наш и сонцето“ потенцира дел од историските настани од битолскиот регион и неговата околина, но исто така и личности и револуционери кои имале свој удел за време на двата **Илиндена**.




„Денес малку се пишува револуционерна поезија и токму затоа за мене беше предизвик за овој датум да ја објавам оваа збирка“ - истакна Цветковски.

Оваа збирка на современа револуционерна поезија е издадена од Општинскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. (текстот е преземен од тв Орбис)

31.05.2015 г.

## 10. Роднокрајна средба



На 31 мај, во читалната на роднокрајното одделение при НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, се одржа 10-тата Роднокрајна средба на битолските пи-

сатели во Македонија. На Тркалезната маса на тема: „ Творечката имагинација и уметникот во моите дела“ учествуваа околу дваесетина писатели. „Сите автори зборуваат исклучиво само за себе и за своите дела. Во сите десет средби има доста интересен материјал за истражување на оние кои се занимаваат со литература. На оваа средба има право да доаѓа секој роднокраен автор, правило беше да биде член и на Друштвото на писатели на Македонија, но покануваме и помлади членови“ – изјави д-р Николче Вељановски, модератор на средбата. За писателите од Битола и Битолско оваа средба е многу значајна, затоа што на овој начин оставаат свој белег во македонското литературно творештво. „Чест и задоволство ми е да присуствувам на една ваква средба која библиотеката по десетти пат ја организира и ги собира писателите од Битола и од Битолско. Ми претставува задоволство што јас по десетти пат учествувам на теми кои вредните луѓе од библиотеката ги одбираат секоја година за творештвото на писателот, за ликовите, делата итн. Околу самите средби би рекол дека ретко која установа во Македонија ги собира роднокрајните писатели на едно место и морам да изразам задоволство и благодарност до библиотеката“ – вели Петко Шипинкаровски, писател.

Финален производ на роднокрајната средба е издавањето на зборник во кој ќе се најдат текстовите на сите писатели кои зедоа учество и/или испратија свои текстови.

## БИЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

1. **ПАРАДА НА МАРИОНЕТКИТЕ** – Евгениј Хоум
2. **ПАТУВАЊЕ ОД СТО ЧЕКОРИ** – Ричард С. Морејс
3. **КРАЛСКА АФЕРА** – Нора Робертс
4. **КРИТИЧНА ТОЧКА** – Хуан Гомез Хуардо
5. **НА БАЛКАНОТ И ДОЖДОТ МИРИСА ПОИНАКУ** – Гордана Куиќ
6. **ТОЛКУВАЊЕ НА СОНИШТАТА** – Зигмунд Фројд
7. **ЅВЕДЕНА ПРАШИНА** – Нела Гејмен
8. **ПЛАМЕН ОД ИСТОКОТ** – Кејт Форнивал
9. **ДЕВОЈКАТА ОД БОНДСТИЛ** - Тања Јанковиќ

## ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА

1. **МАГИЧЕН РОДЕНДЕН НА СТЕЛА** – Сантини Габриела
2. **ЕСЕНСКО ЗАЈДИСОНЦЕ** – Здравевска Ангела
3. **БЕЗ ТАТКОВИНА** – Шири Јохана
4. **УМЕЕШ ЛИ ДА СВИРКАШ, ЈОХАНА?** – Старк Улф
5. **ПРИНЦЕЗАТА ДЕЈЗИ** – Френч Вивијан
6. **ВО ОГЛЕДАЛО ОГЛЕДАЛЦА** – Цветковски П. Радован
7. **ПЕТТАТА ПЕПЕРУГА** – Петровиќ Урош
8. **БАБИНИТЕ ПРИКАЗНИ** – Пирузе Сотир
9. **ПРВИТЕ ЗРАЦИ НА ЉУБОВТА** – Трајчевска Сара
10. **НАДАРЕНИ 1, 2, 3, 4, 5, 6** - Кеј Мерилин

# ВАТИКАНСКАТА БИБЛИОТЕКА



Приредила: Лидија Мирчевска,
виш библиотекар

Ватикан, градот држава е еден од европските микроградови кој привлекува со своето големо уметничко богатство, како и со многубројните споменици. Неговите фрески, склуптури и архитектура пленат со својата убавина и раскош. Расположен е во западниот централен реон во Рим, односно во срцето на италијанската престолнина. Во центарот на Ватикан се наоѓа плоштадот на Св. Петар. Покрај базиликите на Св. Петар и Сикстинската капела, ќе ја спомeнеме Ватиканската или Апостолска библиотека и Ватиканскиот музеј, кои воодушевуваат со својата градба и грандиозност, како и Апостолската палата во која се наоѓаат апартманите на папата, владини и црковни канцеларии, капели, Рафаеловата соба, и музеите посветени на римокатоличките поглавари од минатото, кои содржат најголем број од колекции, непроценливи антиквитети и уметнички слики.

Апостолската библиотека е основана за време на папата Никола V, во средината на 15 век, кога папата собрал околу 350 грчки, латински и хебрејски кодекси наследени од неговите претходници, како и од својата сопствена збирка, помеѓу која и ракописите од царската констатинополска библиотека (Biblioteka Apostolica Vatikana), односно таканаречениот "Kodeks B", кој потекнува од околу 327 год. и е еден од 50-те, кој ги набавил царот Константин, првиот римски христијански лидер. Званично повелба за нејзино основање потпишал Сикст IV, во 1475 год. Библиотеката се наоѓа покрај ватиканската тајна архива, која ја содржи повеќевековната дипломатска преписка од Ватикан. Нејзиниот прв библиотекар, Бартоломео Платина (Bartolomeo Platina) направил попис во 1481 год. и утврдил дека библиотеката поседувала преку 3.500 дела, со што била најголема во западниот свет. Околу 1587 год. папата Сиксто V, го најмил архитектот Доменико Фонтана (Domenica Fontana), да ја конструира новата зграда за библиотеката, која е во употреба до денешно време. Фондот на Апостолската библиотека опфаќа преку милион книги и 75 илјади ракописи, со што се вклучени 8.500 инкунабули (печатени во Европа). Ватиканските тајни архиви се одвоени од библиотеката, во почетокот на 17 век. Тие содржат 150 илјади дела. Меѓу најпознатите дела во библиотеката е Ватиканскиот кодекс (Codeks Vaticanus), (целосниот ракопис на Библијата), Александрискиот и Синајскиот кодекс, како и најзначајните колекции на историски текстови. Историјата на Ватиканската библиотека се дели на пет периоди, и тоа: предлатерански, латерански, авигнонски, предватикански и ватикански.



Во читалните и депоата на Апостолската библиотека се воведени најсовремени климатски системи и заштитни уреди. За да се заштитат книгите од изнесување надвор од библиотеката, во 70.000 примероци се вградени комјутерски чипови, со што ќе се допринеси за чувањето на вредниот и уникатен книжен фонд. Како повод за воведување на новите безбедносни мерки, послужил случајот на професорот по историја на уметноста на Универзитетот во Охајо, Ентони Мелникас (Entonij Melnikas), кој во 1987 год. ги изнел од библиотеката неколкуте страници на еден manuscript од 14 век, кој некогаш припаѓал на Петрарка. Мелникас е осуден во 1996 год. на 14 месеци затвор, по самото признавање на кражбата.



Ватиканската библиотека користи NASA технологија за префрлање на 80 илјади древни ракописи





во дигитален формат. Таа е прва установа на културата во светот која за организација на дигиталната архива користи универзален флексибилен систем за пренос на слика (Flexible Image Transport system). Ватиканската библиотека е единствена во светот по начинот на кој ги архивира манускриптите. Кога се скенираат ракописите се користи современа технологија, која ги чува ракописите од оштетувањето при скенирањето.

Ватиканската библиотека била реконструирана. Нејзината обнова траела три години, за во 2010 год. повторно да ги отвори вратите за сите вљубеници во науката. Главниот библиотекар на Светата столица Рафаел Фарина Rafael Farina (Raffaele) бил многу благодарен на разбирањето на истражувачите кои биле приморани три години да чекаат за да Ватиканската библиотека биде повторно отворена. Годишно, околу 5.000 академици добиваат дозвола за работа во Ватиканската библиотека. Ниеден примерок од ракописите не смее да се изнесе надвор од библиотеката, а строги се и правилата на самото работење во неа. Во читалните не е дозволено да се внесуваат пенкала, како ни храна, ниту пак вода.

# МАЈКА ТЕРЕЗА – ВЕЧНИОТ АНГЕЛ НА МИЛОСРДИЕТО



Во присуство на бројни посетители, на ден 17.12.2014 (среда) со почеток во 12 часот, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола беше отворена изложба на тема **„Мајка Тереза – вечниот ангел на милосрдието"**. При отворањето со пригоден текст се обрати директорот на Библиотеката г-дин Наум Ѓоргиевски и директорката на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза, г-ѓа Рената Кутера – Здравковска како и комесарот на изложбата Цветанка Вучковска - кустос во НУ Спомен-куќа на Мајка Тереза, а свечено беше отворена од страна на примариус д-р Димитар Котевски. Во склоп на програмата беше изведена музичка нумера компонирана на текстот од поемата „Проштевање" напишан од Мајка Тереза, а во изведба на кант авторот Драган Мијалковски.

Изложбата насловена „Мајка Тереза - вечниот ангел на милосрдието" е дел од Културниот караван - проект на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза. Оваа патувачка изложба својот прв успех го доживеа во 2012 година во Струмица, а во 2013 година беше претставена пред публиката во Крива Паланка. Проектот е целосно поддр-



жан од Министерството за култура на РМ, во рамки на Годишната програма за проекти од национален интерес во културата.

На изложбата се претставени ретки фотографии од младоста и детството на Гонџа Агнес Бојаџиу, период кој го поминува во Скопје заедно со нејзиното семејство. Фотографии од нејзините посети во Скопје, нејзиниот погреб и беатификација. Исто така се приложени и ексклузивни фотографии од нејзината мисионерска работа во Калкута како и незината посета на Хрватска, откупени од хрватскиот фотограф Звонимир Атлетиќ. Во склоп на изложбата беа проектирани и документарни филмови за хуманистката Мајка Тереза: нејзината посета во Скопје, говорот по повод добивањето на Нобеловата награда за мир и др. Освен прикажувањето на



животот и делата на Мајка Тереза, на оваа изложба беше промовирана и Спомен куќата, преку штандот со публикации и сувенири за Мајка Тереза.

Изложбата беше поставена до крајот на декември.

## 15. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“

**Приредила: Јоланда Бошевска, библиотекар советник**





На 31.10.2014 година, во Велес се одржа 15. Републички натпревар „Млади библиотекари“, организиран од Библиотекарското здружение на Македонија и Локалната библиотека „Гоце Делчев“ од Велес. На натпреварот зедоа учество 22 напреварувачи од цела Македонија. По поставените прашања од страна на трочлената комисија во состав Пепи Ставревски, претседател и членовите Јадранка Мајсторова и Снежана Петкова, учесниците преминаа на одговарање на прашањата.

Со оглед на на тоа дека на овој натпревар, знаењето на кандидатите беше на високо ниво имаше повеќе кандидати со исти поени по завршувањето на тестот, односно два учесници со по 183 поени и три учесници со по 182 поени. За нив Комисијата спроведе писмено испитување. За првото односно второто место одговараа Емилија Илиевска и Пале Ѓорѓиева кои имаа најголем број на бодови. По поставените прашања од страна на комисијата за победник на 15. Републички натпревар „Млади библиотекари“ беше прогласена Емилија Илиевска од ОУ „Кирил и Методиј“ од Битола, на второ место беше Пале Ѓорѓиева од ОУ „Кирил и Методиј“ од Велес. Истата постапка се спроведе и за стекнување на третото место. Комисијата по поставените прашања за трето место го избра ученикот Мартин Николов од ООУ „Даме Груев“ од Свети Николе. На наградените им беа врачени дипломи и награди за освоените места.

На сите учесници на натпреварот им беа доделени благодарници и по една книга, а исто така со благодарници се стекнаа и нивните ментори.





# БИТФЕСТ 2015

**Приредила: Ленче Андоновска, библиотекар советник**

По повод десетгодишниот јубилеј од одржувањето на БИТФЕСТ 2005 -2015 година, под покровителство на градоначалникот на Општина Битола Д-р Владимир Талески, Библиотеката активно учествува во програмата на БИТФЕСТ. Со оглед на фактот што предлагачи во Јавниот повик за учество во програмата на БИТФЕСТ можат да бидат институции, здруженија на граѓани, неформални групи и поединци за проекти од: музичката, музичко сценската, театарската, ликовната, видео, фото, филмската, литературната, фолклорната како и други уметности, Библиотеката се јавува како активен учесник во програмата и тоа со повеќе проекти. Секое лето Битола како град со историско и културно наследство успева да го задржи вниманието на голем број на граѓани, туристи и слично, се работи за програма која се презентира почнувајќи од крајот на месец јуни до крајот на месец август, која е исполнета со најразлични културни настани (промоции на книги, изложби, театарски претстави, концерти на врвни музичари и др.), и истите се одвиваат во културните институции, и тоа: Завод и музеј, амфитеатарот во античкиот локалитет „Хераклеа Линкестис“, Магазата, Библиотеката, Центарот за култура, Народниот театар, Широк сокак, Битолската чаршија и сл. Од досегашните реализирани проекти имаме оставено траги и во издавачката дејност, и тоа: „Зборник од Работилницата за значењето на книгата“, „Каталог на дробен печат“, брошури, плакати и др.

Оваа година имаме аплицирано со повеќе проекти, и тоа: „Книгата мост на пријателство“, „Сите заедно читаме“, „Мини библиотека“, „Со читање на книга до најдобра порака и личност“, со кои сметаме дека ќе го збогатиме културното лето 2015 во Битола.

# ОТВОРЕНА НОВА ЧИТАЛНИЦА НА ЕВН ВО БИБЛИОТЕКАТА





Работилниците во чиј фокус е книгата и подигнување на свеста за придобивките што ги носи читањето, од вчера се одржуваат во новоотворената читалница во Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Битола.

Еднаш неделно во читалницата ќе се одвиваат едукативни работилници за млади на возраст од 6 до 14 години, кои ќе ги спроведува **Асоцијацијата „Паблик“ во соработка со Здружението за граѓански активизам ФОРУМ 16 – Битола**. Работилниците ќе ги посетуваат групи ученици од основните училишта: „Коле Канински“, „Св. Кирил и Методиј“ и „Св. Климент Охридски“.

- Развивање позитивен став кон книгите и подобрување на читачките навики на младите се главните очекувања кои треба да произлезат од овие работилници. Истите ќе се темелат на спектар креативни методи и техники на работа, кои ги ослободуваат учениците од оценување. Во мисијата младите повеќе да ја засакаат книгата веруваме дека ќе помогне и мотивирачкиот амбиент каде ќе се одржуваат овие средби, кој пред сè е пријателски поставен кон учениците и нивните потреби, рече Анета Ристеска, едукатор и координатор на едукативните работилници.

Оваа современа читалница е трета по ред во земјава која се отвора во рамките на кампањата за подигнување на читачката култура кај младата публика, во соработка со ЕВН Македонија.

- Кампањата која ја креираме и спроведуваме со нашите партнери има цел преку неконвенционални методи да им се доближи книгата на учениците, но, притоа да се тргне и од нивните индивидуални потреби и афинитети. Или едноставно да **читаат зошто сакаат, а не затоа што мораат**, рече портпаролот на ЕВН Македонија **Атанас Ковачевски**.

За амбиентот на сите три читални, во Скопје, Струга и Битола, се погрижи македонската компанија „Дилајт", користејќи ги искуствата од светскиот лидер во оваа област, „Стилкејс", кои овозможуваат училишни простори адаптирани на современите технологии.





## ЗА ЗБОРОТ НАШ И СОНЦЕТО

Во бројните активности по повод 9 мај, датум на кој годинава се одбележуваат 70 години од денот на победата над фашизмот, беше вклучена денешната промоција на збирката на современа револуционерна поезија „За зборот наш и сонцето". Писателот Радован П. Цветсковски се осврна на значајните историски настани и ликови од периодот на двата Илиндена.

Во НУУБ „Св. Климент Охридски беше промовирана збирката на современа револуционерна поезија „За зборот наш и сонцето" од битолскиот поет Радован П. Цветковски. Поводот за објавување на оваа поетска книга е големиот јубилеј 70-годишнината од Денот на победата на фашизмот, 9-ти мај.

Книгата всушност содржи револуционерни песни, кои се посветени на Втората светска војна, но и порано во историјата. Меѓу нив се стиховите од плочите кај Црн Мост, за Стив Наумов, Мите Богоевски, Крсте петков Мисирков и др." рече Цветковски.

Цветковски преку збирката „За зборот наш и сонцето" потенцира дел од историските настани од битолскиот регион и неговата околина, но исто така и личности и револуционери кои имале свој удел за време на двата **Илиндена**.

„Денес малку се пишува револуционерна поезија и токму затоа за мене беше предизвик за овој датум да ја објавам оваа збирка" - истакна Цветковски.

Оваа збирка на современа револуционерна поезија е издадена од Општинскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. (*текстот е преземен од тв Орбис*)





# ДИГИТАЛНАТА БИБЛИОТЕКА ВО НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ



**Приредил: Наум Ефтимов, библиотекар**

Проектот DLI – Digital Libraries Initiative е резултат на Европската комисија и на нејзината стратегија за развој на дигиталната економија изнесена во „2010 strategy“. На иницијатива на шест земји – членки во 2005 година за креирање на виртуелна европска библиотека со цел европските културни и научни записи да бидат достапни до сите, се усвојува иницијативата „2010: Digital Libraries“, којашто се однесува на европското културно наследство, а во 2007 година и „Communication … on acces to scientific information in digital age“. „2010: DIGITAL libraries“ обработува три основни подрачја за акција, и тоа:

- Дигитализација на аналогни колекции за нивна поширока употреба во информатичкото општество,
- Достапност он-лајн, состојба за максимизирање на користа што ќе ја имаат граѓаните, истражувачите и компаниите од информацијата,
- Заштита и чување, со цел идните генерации да достапат до дигиталниот материјал и оневозможуавање на губење на вредни материјали.

Денеска никој повеќе не го споредува интернетот со електронската библиотека – во интернетот откриваме огромен, хаотичен и неорганизиран ресурс, додека во електронската библиотека, информатичките ресурси се специјално одбрани и структурирани. Како технологија интернетот е основа за создавање на електронската библиотека, а самата таа е дел од мрежните интернет ресурси. Оттука целта за создавање на електронската библиотека е брзото и ефективно добивање и користење на информација преку интернет[1].

Во современиот библиотекарски свет развитокот на електронската библиотека еднозначно се прима како една од карактеристичните тенденции на информатичкото општество, како систем, содејствувајќи со достапот на корисниците до сопствени или туѓи електронски ресурси. Стратегијата при создавање на електронската библиотека треба да се потпира на три основни компоненти: Интернет, правно законодавство и приложување на современи информатички технологии за организација и достап до електронските ресурси. Важен фактор е и компетентноста на персоналот во библиотеката за воведување и поддршка на електронските архиви и на архивите на веб – ресурсите. М. Даулинг во статијата „Библиотеки, библиотекари и библиотекарски асоцијации во САД во 2001 година: обновени во епохата на спознанието” апострофира дека денешниот брз развиток на библиотеките – тоа е иднината на универзитетските и другите библиотеки.[2]

Ан Окерсон го постави актуелното прашање за содржината на електронската библиотеки, создавани од универзитетските библиотеки во својата статија, со наслов: „Се бара: Модел за електронски архиви”.[3] Врз основа на заклучоците од спроведениот проект BYTES (Books You Teach Every Semestar), авторката соопштува дека најголем проблем предизвикува изработувањето на точни критериуми за избор на наслови, кои ќе бидат дигитализирани и претставени во on – line режим. Предизвикот е голем за секоја универзитетска библиотека, споделува авторката.

Е. Буњ и А. Балацкај ја изведуваат принципиелно новата улога на електронската библиотека во образовниот систем: не само да создава, чува и да предлага електронски образовни ресурси, но во исто време да го координира информатичкиот,

[1] Шрайберг, Я. Л. Библиотеки, компьютерные технологии и информационное общество прошедший и год грядущий / Научные и технические библиотеки, 2003, № 1, с. 38 – 39.
[2] Пак таму, с. 44
[3] Okerson, Ann Wanted: A Model for E – Reserves. / Library Journal, 9/1/2001, Vol.126, Issue 14, p. 56

образовниот и културниот обем, да биде методолог и водач во единствената информатичко – образовна средина.[4]

Во процесот на создавање на Електронска (дигитална) библиотека секако е вклучена и Република Македонија преку НУБ „Св. Климент Охридски од Скопје". Досега на тоа поле се преземени и направени повеќе чекори и Библиотеката има одредени етапи во досегашната соработка со европските библиотеки.

НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје е член на Конференцијата на европски национални библиотеки (CENL). Пред десетина години CENL даде препораки да се дигитализираат старите и ретки книги (ракописи и старопечатени изданија), со цел запазување на движното културно наследство како општоевропска и глобална тенденција.

Во 2005 година е донесена Резолуција за дигитализација на европското културно наследство. Таа резолуција е донесена од CENL и со неа се препорачува: Развој и координација на стратегиите за дигитализација и дигиталните библиотеки вклучувајќи ги техничките елементи, процесот на селекција на материјалите; индентификација на можностите за размена и развој на европска критична маса на дигитални содржини и др.

Дигитализацијата на ретките фондови е важна задача пред библиотеките во современата информатичка епоха. Се постигнува зачувување на книжевното културно наследство преку преставување во дигиталната средина, со создавање на виртуелни информатички ресурси, дозволувајќи библиотеката да стане активен учесник во меѓународната информатичка, научна и културна размена.

Дигитализацијата на одбрани колекции е етапа од стратегијата на универзитетските библиотеки за создавање на сопствени информатички продукти, преку кои ке се популаризира македонската наука и култура како дел од светското цивилизациско наследство.

Во рамките на НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје има специјализирано одделение кое дигитализира одредени збирки. Досега се дигитализирани дел од Археографската збирка – ракописни и старопечатени книги. Дигитализирани се 55 старословенски ракописи од 13 век до 18 век и претстои да се дигитализираат уште околу 250 старословенски ракописи. Тие се распределени во векови, писма, јазици.



*Ориентални ракописи*

Што се однесува до збирката Ориенталистика, скоро целата збирка е дигитализирана и во нејзината реализација беше вклучена и Националната библиотека „Сулејманија" од Истанбул, Република Турција. Процесот е пред финализација. Целта на процесот што тече е да се комплетира Дигиталната библиотека и засега се дава предност на ракописните и старопечатените книги. НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје дигитализираниот материјал го пласира за широката македонска и светска јавност преку нашта веб – страница http://www.nubsk.edu.mk и преку порталот Dlib.mk. Преку овој портал се овозможува на посетителите пристап до различни библиографски содржини како што се книги, ракописи, списанија и периодични публикации, статии, географски карти, ноти, проекти...



*Ликовни уметности*

Порталот Dlib.mk, пред сѐ има за задача да зачува, презентира и дистрибуира најразлични библиографски содржини во дигитална форма како дел од програмата за заштита на културното наследство и промовирање на нашата култура во јавноста. Дигиталната библиотека е изградена Open Source - платформата

[4] Бунь, Е. В., Балацкий А. Н. Центральная библиотека образовательных ресурсов: цели, задачи, перспективы. / Научные технические библиотеки, 2004, № 4, с. 62.

Dspace која покрај можноста за презентација има за цел и долготрајно чување и управување со дигитални објекти. Универзитетската библиотека има создадено, а и се уште се создаваат и унапредуваат стручни лица – библиотекари кои работат на тој процес. Во поодмината фаза е дигитализацијата на ретките збирки и процесот продолжува со три извршители кои работат во овој процес.





*Археографска збирка*

Во периодот од 1999 – 2002 година со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија издаде три ЦД РОМ-ови кои содржат 1500 дигитализирани страници од Археографската збирка на Библиотеката. Опфатени се 70 ракописи. Истите се достапни на интернет: http://www.nubsk.edu.mk. Постои копија на овој фонд дигитализирани страници во стандарден TIF-формат, така што истиот би се користел во процесот на дигитализација на Археографската збирка.

Во 2001 година воспоставена е соработка со CENL, односно партиципирано е до дигитализиран примерок – страница од ракописот „Посен триод" – втора половина на 13 век од Археографската збирка за издавање на публикацијта „Европски национални библиотеки".

За потребите на порталот ГАБРИЕЛ доставени се три описи на старословенски ракописи од Археографската збирка: „Кратовско четвороевангелие", „Фрагмент од посен триод" и „Молитва". Придружен елемент на описите е и по една дигитализирана страница, соодветно.




*Ретка периодика*

Во текот на 2007 година е формиран тим за изработка на нацрт-програма за дигитализација на фондовите на Библиотеката. Истовремено е подготвен писмен материјал упатен до Министерството за култура на Република Македонија во кој се бара да се иницираат на државно ниво прашањата во однос на дигитализацијата на културното наследство на Македонија и да се воспостави организиран приод кон овој процес.

Во 2008 година Библиотеката учествуваше со свои дигитализирани примероци од старословенските ракописи, од картографската збирка, од Збирката ориентални ракописи и од Збирката современи ракописи во ТЕЛ (Европската библиотека). Исто така во истата година направени се иницијални контакти за вклучување на Библиотеката со содржини од специјалните збирки во европскиот проект МИНЕРВА. Активностите се во тек.

Дигитализацијата на специјалните збирки ќе придонесе за формирање на дигитална библиотека на Македонија и ќе претставува значаен сегмент во информациската инфраструктура на Република Македонија. Тоа ќе овозможи слободен WEB - пристап до вредните библиотекарски збирки за граѓаните на Македонија и пошироко во светот. На овој начин ќе се партиципира во размената на информациите за книжното наследство меѓу народите во светот.

Дигитализацијата ќе продолжи и во 2015 година во план е дигитализирање на 46 илјади македонски изданија.

# РАЗГОВОР СО ХРИСТО ПЕТРЕСКИ



**1. Какви беа Вашите книжевни почетоци?**

Речиси како и кај сите други писатели. Најпрвин објавив песничка во „Наш свет“ со наслов „Пролет“, а потоа од петто до осмо одделение пишував песни и ги добивав сите награди (и прва, и втора и трета) за патрониот празник на Браќата Миладиновци во с. Жван, Демирхисарско. Во петто одделение напишав и краток роман со воена тематика кој започнуваше со борба на штрковите кои навестуваа војна. Како средношколец во Белград пишував и на српски јазик, а прва книга објавив кога се вратив и започнав да студирам во Скопје. Беше тоа мојата прва книга - стихозбирката Огледало, а ја објави списанието Современост, па Култура ми ја објави Вулканска потреба, па во Сплит ми ја објавија Разговор со ѕидовите...

**2. Во Вашата кариера, покрај работата како новинар и критичар, Вие сте поет и раскажувач. Од каде ја црпевте инспирацијата, дали тоа беше Вашето родно место Крушево и/ или некој од постарите и познати домашни и странски писатели?**

Инспирацијата ја црпев и ја црпам од животот. И тогаш и сега. Динамичен и непредвидлив. Рурален, па урбан. Неизвесен, напорен, но единствен и убав...

**3. За што конкретно пишувате, што е она што сакате да им го соопштите на читателите во Вашите дела?**

Пишувам за животот, за секојдневните и катадневните Сцили и Харибди. За обичниот, мал, осамен, заборавен и (п)отфрлен човек...

**4. Добитник сте на повеќе награди, ќе ни кажете ли нешто за нив?**

Наградите се за да се радувате вие, а за да ве мразат другите. Секогаш се радувате како мали деца кога ќе ги добиете... Тие се како бонбони, сладолед или лижавчиња... Некогаш се само хартии, некогаш поткрепени и со нешто малку пари, но секогаш се вредни и незаменливи како суво злато! Нема кој не посакува и замислува награда, колку и да се прави лажно скромно. Наградите мотивираат, валоризираат, поткрепуваат и крепат, односно значат и зрачат...

**5. Вие сте меѓу најредовните учесници на Роднокрајната средба во библиотеката во Битола. Што е тоа што ве влече кон овој собир?**





Па, прво и прво сакам да бидам сериозен и одговорен човек, иако некои поради тоа што постојано се шегувам најчесто и најслатко на своја сметка не мислат и не гледаат баш така, но и поради љубовта кон Битола, кон родниот крај и кон писателите и пријателите...

**6. Повеќе години сте директор на книгоиздателството „Феникс" Скопје. Дали тоа Ве исполнува?**

Фениксот се создава и летнува од пепелта, а за да не се претвори и самиот повторно во пепел - мора постојано и макотрпно да се работи, да се црнчи, да се биде како еквилибрист на жица од еден до друг почеток и проект, од еден до друг брег на и преку разбурканата и немирна река...

**7. Станавте и доцент на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија ЕСРА – Скопје. Учествувате во проекти. Кажете ни нешто повеќе за оваа ваша работа и активност?**

Станав доцент, а сега сум и професор на Универзитетот ЕСРА во Скопје. Предавав и на Универзитетот Св. Апостол Павле во Охрид. Тоа е големо искуство и задоволство...



**8. Ќе ни откриете ли уште некои моменти од Вашата работа како критичар?**

Како критичар, се знае, слично како и кај судиите, драг сте, посакуван и прифатен кога фалите, но не и кога кудите. Иако, критиката не е фалење и кудење, туку разбирање и толкување...

**9. Секако дека со целокупната ваша активност не Ви преостанува многу време за некоја активност која треба да ве опушти и повторно да Ви ги наполни батериите. Како го постигнувате тоа?**

Ако немате доволно време, ќе си купите или позајмите. Се шегувам. Јас сум воркохолик - зависник од работата, односно живеам



за да работам, а не работам за да живеам... Но, наоѓам време и да возам точак, пливам, пешачам, а пред сѐ и над сѐ - да сликам!!!

**10. Нешто за што не сум Ве прашал и кои се Вашите планови и следни активности?**

Планови има многу, а некои од нив се: основање и отворање институт, селски туризам и здрава исхрана, слики и изложби, почесто (на)враќање во родниот крај - во селото Растојца, Демирхисарско, и во новото ликовно ателје во близината на населбата Ѓорче Петров во Скопје...

# ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „РАКОПИСОТ ОД АКРА“ ОД ПАУЛО КОЕЉО

**Приредил: д-р Николче Вељановски, библиотекар советник**

„Нашата душа е раководена од четири невидливи сили: љубовта, смртта, моќта и времето. Ние мора да сакаме затоа што сме сакани од Господ“.
(Ракописот од Акра)

Во делото „Така зборуваше Заратустра“, Ниче ќе рече „Добрата војна ја облагородува душата“. „Вашата работа нека биде вашата борба, а вашата победа вашиот мир.“ Само така можеме да бидеме успешни, да зборуваме за успех во животот и победа над смртта. „Збогум“ (Good bye), или „Се вратив“ (I returned) може да рече само оној кој се бори со сомнежите во себе, оној кој има надеж во подобро утре. Тој знае и за успех затоа што преку неговиот пораз во војната со сомневањата, тој всушност се помирува со себеси и станува победник. Знае како е да се биде успешен. Само ваквите „воини“, ќе рече Коељо, знаат што е љубов, одмор и зацелување на своите рани. Таквите се реконвалесценти кои се себенадминуваат. На друга страна, пак, се оние кои никогаш не се бореле. За нив сите битки се добиени, никогаш не биле поразени за да ја искусат љубовта и вистината и секогаш се чувствуваат среќни и супериорни, „Тие се секогаш на страната на силните. Тие се како хиените, секогаш го јадат она што останало по лавовите“. Ова е моќта на Пауло Коељо, преку магичното пренесување на зборовите на хартија и извонредната наративна вештина, која често пати изгледа како бесмислено нафрлање на зборови, да го внесе читателот во светот на самоспознанието.




Борбата на индивидуата е во потрагата по своето „Јас“ (Јаство) „што не било создадено од физичкиот татко или мајка, или училиштето, туку искусеното низ сите минати свои животи и животи на минати генерации“. А каде е љубовта, каде е нејзиниот престол? Тоа е тајна која им се открива само на заљубените, на оние кои ѝ се „потчинуваат на љубовта“ и ги „држат вратите и прозорците отворени за интуицијата и за неочекуваното. Успехот не доаѓа со туѓите признанија на нашите дела, туку е плод на семето посадено со љубов. Не е богат оној што поседува купишта злато, ами оној кој е постојано во контакт со енергијата на Љубовта“. ‘Успех е кога можеме секоја вечер да си легнеме со концентрација на средината на градите и почувствуваме дека се опуштаме во мир’.

Кога Коељо зборува за супериорните кои никогаш не се бореле затоа и не биле поразени, ниту пак ја искусиле љубовта, тој зборува за оние кои се збогувале (Good bye) со својата вистинска Природа кога биле деца на Бога (God boy(s)). Оние ретките, пак, се враќаат (return) преку својата осаменост, но и свесност дека не се сами, туку дека се со универзумот, дека не се бескорисни и дека со милоста на Бога ќе го надминат немирот во себе кој е дел од Љубовта и дека нивната иднина е успехот, мирот и радоста во повторната средба со Творецот, „Мојот син беше мртов и повторно оживеа, беше изгубен и повторно е пронајден“. Коељо во посебни кратки поглавја зборува за осаменоста, корисноста, немирот, милоста на Бога, иднината и лојалноста, односно посветеноста на Бога. Тој зборува и за жртвата. Ниче, иако навидум супериорен, „јас секогаш живеев под сенката на мојот меч“, ќе си признае, „Никој не страдаше толку многу за она за кое страдав јас“.

Оној кој ќе успее да го разбере ова дело секако дека е на патот на успехот, а оние многубројните други читатели ќе се почувствуваат супериорно затоа што ги читаат делата на еден од денешните најпопуларни писатели. Но, сепак, каква е таа наука која поучува како да го почувствуваме поразот во борбата со себе за да станеме успешни!?






БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД
ГОРГИ ДИМОВСКИ ЦОЛЕВ
ПЕРСОНАЛНА БИБЛИОГРАФИЈА
РОДНОКРАЈНА БИБЛИОГРАФИЈА I.


ЗБОРНИК





















70
ГОДИНИ

НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ
ОХРИДСКИ“- БИТОЛА







ISBN 1409 - 9497